**Известување за концентрација со која Б-Матрикс недвижности д.о.о. Хрватска ќе стекне имот – деловна зграда Матрикс Б, Загреб Хрватска**

**(предмет бр. 08-87/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.06.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која друштвото Б-Матрикс недвижности д.о.о.(B-Matrix nekretnine d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Славонска Авенија 1Б, 10000 Загреб, Хрватска ќе стекне имот составен од деловната зграда Матрикс Б, недвижност која е упишана во катастарот за недвижности, катастарска општина 335649 ТРНЈЕ, Хрватска, составена од дворно место и деловна зграда во Загреб, Славонска авенија 1Б,

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Б-Матрикс недвижности д.о.о.** е друштво со посебна намена за спроведување на Трансакцијата, основано од страна на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. (ALFI RE, upravljanje alternativnih investicijskih skladov, d.o.o.) друштво со ограничена одговорност кое е основано и постои според правото на Словенија, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија.

Гледано во својата најширока смисла, Алфи Групата е присутна и остварува приходи во Северна Македонија.

Во својот поширок состав Алфи Групата ги има следниве регистрирани друштва во Северна Македонија:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје и регистрирана приоритетна дејност - Дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии;
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје и регистрирана приоритетна дејност - Трговија на големо со друга стока за домаќинствата.

Целниот имот е имотот кој се состои од деловна зграда Матрикс Б, недвижен имот упишан во катастарот за недвижности, катастарска општина 335649 ТРНЈЕ, Хрватска, составен од дворно место и деловна зграда во Загреб, Славонска авенија 1Б. Целниот имот во моментов е во сопственост на Матрикс Офис Парк д.о.о.(Matrix Office Park d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Славонска Авенија 1Б, 10000 Загреб, Хрватска. Целниот имот остварува приход со давање на деловни простории

под закуп.

Продавачот нема регистрирано присуство во Северна Македонија, а Целниот имот нема остварено приходи во Северна Македонија во 2022 година.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар, за целите на оценка на концентрацијата е пазар за управување и располагање со недвижности за комерцијална употребана територијата на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.06.2023 година
Скопје